РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-722/4
16.12. 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Правен факултет „Јустинијан Први“
Скопје
Примено: 22-12-2025
09-1154/3

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за почеток со работа студиската програма од втор циклус академски студии – постдипломски студии (120 ЕКТС) по “Меѓународно јавно право, меѓународни односи и право на Европската унија“ , Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје при Универзитет „СВ. Кирил и Методиј“ Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски студии – постдипломски студии (120 ЕКТС) по “Меѓународно јавно право, меѓународни односи и право на Европската унија“, на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решението за акредитација бр.08-127/7 од 13.10.2025 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје се обрати со барање бр. 09-1154/2 од 13.10.2025 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр.08-722/1 од 13.10.2025 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски студии – постдипломски студии (120 ЕКТС) по “Меѓународно јавно право, меѓународни односи и право на Европската унија“, на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-722/2 од 15.10.2025 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 04.11.2025 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-722/3 од 18.11.2025 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус академски студии – постдипломски студии (120 ЕКТС) по “Меѓународно јавно право, меѓународни односи и право на Европската унија“ , на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21, 58/24 и 124/25), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР,**
Доц. д-р Христина Серафимовска

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архивата на АКВО
изработил: Милена Ефремовска
одобрил: Севгил Муртези